С ТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5, Скопје

Бр. 02-447/1
26.04.2021 година, Скопје

**З А П И С Н И К**
**од деветта седница на Собранието на СКМ,**
**одржана на ден 24.09.2020 година**

На деветата седница на Собранието на СКМ присуствуваа 41 делегат.

На седницата присуствуваше претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

На седницата оправдано не присуствуваа: д-р Вјоса Положани, д-р Димитар Малешевски, д-р Благој Поповски, д-р Назми Ферати, д-р Агрон Пашоли, д-р Снежана Стојмановска, д-р Арбен Асани, д-р Марија Пеева Петреска и д-р Емилија Стефановска.

На седницата не присуствуваше и д-р Амет Демири.

По утврдениот кворум за работа на Собранието на СКМ, Претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев ја започна седницата со читање на предлог- дневниот ред.

Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше усвоен со *42 гласа ЗА и 4 воздржани* и стана

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на предлог - записник од вонредната седница на Собранието на СКМ;

2. Разгледување и усвојување на предлог - записник од редовната седница на Собранието на СКМ;

3. Разгледување и изјаснување за предлог- одлуката на ИО на СКМ (донесена на предлог на Комисијата за купопродажба на деловен простор на Комората) за купување и продавање на деловен простор од страна на СКМ;

4. Разгледување и усвојување на предлог- измени на Правилник за стручен надзор;

1. Разгледување и усвојување на предлог - записник од вонредната седница на Собранието на СКМ

Се отвори расправа за Предлог-записникот од вонредната седница. По завршување на кратката расправа со *37 гласа ЗА, 5 против и 5 воздржани,* предлог- записникот без измени и дополнувања беше усвоен од страна на делегатите на Собранието на СКМ.

2. Разгледување и усвојување на предлог - записник од редовната седница на Собранието на СКМ

Без расправа, Предлог – записникот од осмата седница на Собранието на СКМ беше усвоен без измени и дополнувања, со 43 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

3. Разгледување и изјаснување за одлуката на ИО на СКМ (донесена на предлог на Комисијата за купопродажба на деловен простор на Комората) за купување и продавање на деловен простор од страна на СКМ;

По оваа точка, најпрво д-р Стојановски ги информираше членовите на Собранието околу потребата и активностите превземени од моментот на формирање на Комисијата за купопродажба на деловен простор на Комората, како и за активностите на ИО на СКМ кои доведоа до Одлуката на ИО која сега е на разгледување пред Собранието. Д-р Стојановски ги запозна делегатите со сите можни понуди кои беа предмет на разгледување на Комисијата и Извршниот одбор, нивните предности и недостатоци и сите анализи кои доведоа до понудата која е предмет на расправа на Собранието. По излагањето на д-р Стојановски се разви дискусија во која за збор се јавија повеќе делегати, меѓу кои: д-р Мишевски, д-р Бајрактарова, д-р Богеска, д-р Павлески, д-р Ферати, д-р Касапи, д-р Гагалески, д-р Чесноски и д-р Петреска. По дискусијата на делегатите, збор зеде Претседателот на Комората, д-р Денковски, кој информираше за состојбата на сите сметки на Комората и извести дека моментално Комората располага со над 300.000,00 евра, не земајќи ги во предвид средствата кои се орочени и средствата од наменската сметка од Фондот за взаемна солидарна помош. Д-р Денковски потоа нагласи дека Собранието согласно Статутот на Комората има ингеренции и може да одлучи сите средства и имотот кој ги има Комората да се поделат на сите активни членови на Комората и Комората да се затвори и да престане нејзиното постоење. Исто така, Собранието може да донесе одлука согласно добиениот допис од Владата на РСМ за предлог за донација на 200.000 евра на Министерството за здравство, испратено како барање до Владата на РСМ од страна на ЗПЗСМ ПДДМ од Кавадарци или пак исто така може да даде согласност односно одобрување на одлуката на ИО за купување нов деловен простор и продавање на постојниот деловен простор, но со определена финансиска рамка и со определени услови и да овозможи и подобри услови за работа на Комората и подостоинствен дом на членовите на Комората.

Д-р Денковски продолжи дека Собранието е надлежно согласно Статутот да носи одлуки за износ над 3.000,00 евра и истото дава согласност односно одобрува одлука на ИО на Комората, но тој побара од Претседателот на Собранието првин да ја стави на гласање истата согласност која би била поврзана со некои предходни одлуки, и тоа прво во што и да се инвестира, од основната сметка на Комората, 15.000,00 евра во денарска противвредност да се префрлат на наменската сметката за взаемниот солидарен фонд, а потоа Собранието да донесе и одлука дека по завршување на продажбата на деловниот простор во сопственост на Комората, кој се наоѓа на ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје и активностите поврзани со купување на нов деловен простор, како и адаптација и уредување на истиот според потребите на Комората, на сметката на Комората да останат не помалку од 100.000,00 евра во денарска противвредност, за што по сите активности да се достави и посебен извештај. Претседателот на Собранието, д-р Манасиев го стави на гласање предлогот за префрлање на средства од основната на сметката на взаемниот солидарен фонд кој со мнозинство гласови од делегатите, и тоа: 37 гласа – ЗА, ПРОТИВ – 3 и 1-ВОЗДРЖАН се усвои, по што ја стави на одобрување Одлуката бр. 02 –799/5 од 11.09.2020 година на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија за продавање и купување на деловен простор од страна на Стоматолошката комора на Македонија (донесена на предлог на Комисијата за продавање/купување на деловен простор на Комората).

Собранието со мнозинство гласови од присутните делегати на Собранието на СКМ и тоа: ЗА гласаа - 42 делегати, ПРОТИВ -2 и 3- ВОЗДРЖАНИ, донесе одобрување на Одлуката бр. 02 –799/5 од 11.09.2020 година на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија за продавање и купување на деловен простор од страна на Стоматолошката комора на Македонија (донесена на предлог на Комисијата за продавање/купување на деловен простор на Комората), за потребите на Комората.

Собранието донесе и одлука дека по завршување на продажбата на деловниот простор во сопственост на Комората, кој се наоѓа на ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје и активностите поврзани со купување на нов деловен простор, како и адаптација и уредување на истиот според потребите на Комората до добивање на имотниот лист за сопственост, на сметката на Комората да останат не помалку од 100.000,00 евра во денарска противвредност, со мнозинство гласови од присутните делегати на Собранието на СКМ и тоа: ЗА гласаа -37 делегати, ПРОТИВ -2 и 2- ВОЗДРЖАНИ. По ова Претседателот на Собранието ја задолжи Стручната служба на Комората да ги изготви одлуките правно- формално за нивно понатамошно процесуирање.

4. Разгледување и усвојување на предлог- измени на Правилник за стручен надзор

По образложување на потребата за носење одлука за предлог-измените кои се направени и во консултација со Министерството за здравство, направени се следните предлог-измени, и тоа:

* по член 29 се додава нова точка 6 која гласи:

6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

(1) Извршниот одбор, најдоцна во рок од 30 дена од отпочнувањето на примената на овој правилник, ќе го донесе годишниот план од член 6 на овој правилник и листата од член 8 став 5 на овој правилник, за наредната година.
(2) Постапките за надзор кои се отпочнати пред донесувањето на овој правилник, ќе се довршат согласно одредбите на истиот.

Член 31

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.
(2) Овој правилник ќе се објави во списанието на Комората и на интернет страницата на Комората.

* Текстот на Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници , бр. 02-79/2 од 25.01.2019 година се дополнува со следните Прилози:
Прилог бр. 1 - Образец на налог за спроведување на редовен стручен надзор;
Прилог бр. 2 – Образец на Записник за спроведен редовен стручен надзор;
Прилог бр. 3 – Образец на Извештај за спроведен редовен стручен надзор;
Прилог бр. 4 – Образец на налог за спроведување на стручен надзор по потреба;
Прилог бр. 5 – Образец на Записник за спроведен стручен надзор по потреба;
Прилог бр. 6 – Образец на Извештај за спроведен стручен надзор по потреба.

По кратка дискусија, врз основа на член 21 и 81 точка 15 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на ден 24.09.2020 година, едногласно донесе ОДЛУКА за усвојување на дополнувањата на Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници бр. 02-79/2 од 25.01.2019 година, која Правниот сектор формално-правно ќе ја подготви и по изготвување на пречистен текст на Правилникот истиот ќе се објави на веб-страна на Комората.

Записничар,
Ивана Велјановски
______________

Претседател на Собрание на СКМ,
д-р Оливер Манасиев
М.П. ______________

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •